# ОЛИВЕР МУСОВИЌ

## *Неколку слободни толкувања на значајни и помалку значајни дела од литературата преку илустративни примери*



Музеј на град Скопје
Отворено графичко студио
ноември 1998



*"Адитивна мастопластика.*

*Оперативен зафат за зголемување на дојките со вградување на силиконски влеток. Зафатот се изведува под потполна анестезија и трае околу еден час. Влетокот може да се смести под градниот мускул, а се воведува низ рез од 3 до 4cm долж долниот раб на брадавицата; долж наборот под дојката; под пазува.*

*Резултатите се трајни и видливи веднаш по зафатот. Лузните по правило се слабо видливи.*

*Цена: 3500 до 4500 DM."*

"МИЛА" број 436

MASTOPLASTICA / ПАМЕЛА
објект ( ножици, балони )
16x15x11, 1998



*"Во најголемата црква во Лондон, можеби во катедралата Свети Павле, племството и витезите се собраа на молитва уште пред зори. И кога првата миса заврши, во портата, а на место блиску до високиот олтар, беше приметена голема мермерна плоча, а во мермерот челична наковална со меч. Со златни букви беше напишано:*

*Кој ке го извлече овој меч*
*од каменот и наковалната*
*крал е на цела Англија*
*по право на раѓање."*

"Кралот Артур"
Џон Стајнбек

АРТУР ЈУНИОР
објект ( тегла, чајно лажиче, шеќерни кристали )
8x8x14, 1998

ОЛИВЕР МУСОВИЌ

Роден 1971 во Скопје.
Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, отсек графика, во 1997.

**Адреса:**
ул. Димитрија Чуповски 17/2/3; 91050 Скопје - Драчево
**Тел.** 592456

**Самостојни изложби:**

1996 Битола, Графики ,Уметничка галерија (со J.C. и П.А. )
1997 Скопје, Графики , Младински културен центар ( со П.А. )
1998 Скопје, Неколку слободни толкувања на значајни помалку значајни дела од литературата преку илустративни примери, Отворено графичко студио

**Одбрани групни изложби:**

1997 Харков, Украина, Меѓународно трианале на графика и плакат - Блок 4
Битола, II Меѓународно графичко трианале, Завод, Музеј - Битола
Канагава, Јапонија, 19 Независна изложба на графики во Канагава, Галерија на префектурата Канагава
Скопје, Графички експеримент, Оттворено графичко студио
1998 Дрезден, Германија, 12 Графички позиции од Македонија, Kulturrathaus
Љубљана, Словенија, BREAK 21 - 2. Меѓународен фестивел на млади независни уметници
Скопје, Мали големи приказни, НУБ Св. Климент Охридски
Стокхолм, Шведска, Мали големи приказни, Државен архив

**Награди:**

1994 Драгутин Аврамовски - Гуте, ФЛУ - Скопје
1997 28 графичка изложба на ДЛУМ / Откупна награда

Изложбата "Неколку слободни толкувања на значајни и помалку значајни дела од литературата преку илустративни примери" на Оливер Мусовиќ е составена од пет објекти и една подна инсталација. Она што ги поврзува сите нив е интересот на авторот за процесот на дестилација на содржината од формата што овде е презентиран со издвојување на литерарните и "помалку" литерарните предлошки во вид на една однапред искалкулирана интерпретација.Текстовите што претставувале извор за тридимензионалните дела склопуваат еден мозаик за секојдневието на авторот: списанијата и книгите што тој ги листа и чита, како и изговорените реченици на луѓето што ги сретнува, стануваат содржина и концепт на неговата визуелна поетика. Така, издвоената содржина го презема обликот на графика што виси обесена во рамка на ѕидот, додека делото претставува објект-парафраза на идејата.Реферирањето на традицијата на дадаизмот и нео-дадаизмот се насетува преку духовитите игри со зборови во насловите како и со иронизирањето (на пример на терминот "литература"). Илустрацијата, пак, како еден облик на применетата графика, овде е реинтерпретирана како симулиран "ready made" - еден од најчесто користените медиуми во пост-концептуалната уметност.

Сузана Милевска